РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

Примено: Pranuar:		03.11.2026	
Орг. Един. Nj.org.	Број: / Numer:	Прилог: Shtojce:	Вредност: Vlera:
10	4052/1		

До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24, 76/24 и 116/25), се доставува

ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување
2. **Субјект на надзорот**: Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2)
3. **Период опфатен со надзорот**: 31 октомври и 1 ноември 2026 година
4. **Датум на извршување на надзорот**: 3 ноември 2026 година
5. **Предмет на надзорот**:
   - **Член 76-б став 3 од Изборниот законик** („При известувањето во деновите на изборниот молк ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат, односно објават какви било информации, фотографии, аудио и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите, какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите, податоци со кои го откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето, како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии и од носители на функции во органите на власта“), **а во врска со член 69-а став 2 од Изборниот законик** („Изборната кампања започнува 20 дена пред денот на изборите и во првиот и вториот круг на гласање не смее да трае 24 часа пред денот на изборите и на денот на изборите“).
6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот врз Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2) за време на изборниот молк во вториот круг на гласање за Предвремените избори за градоначалник на Општина Брвеница, на 31 октомври и на 1 ноември (до 19 часот) 2026 година, **констатирани се прекршувања на член 76-б став 3, а во врска со член 69-а став 2 од Изборниот законик**.

Спротивно на членот 76-б став 3 од Изборниот законик, Вториот програмски сервис на Македонската телевизија, на 31 октомври и на 1 ноември 2026 година, за време на изборниот молк во вториот круг на гласање за Предвремените избори за градоначалник на Општина Брвеница**, повеќепати, со различни наслови и времетраење, емитуваше прилози во дневноинформативните емисии** што содржеа информации и аудиовизуелни материјали (изјави и/или снимки) со носители на функции во органите на власта, како и со членови/претставници на политички партии.

Прегледот на прекршувањата на изборниот молк е даден во следнава табела:

Датум на емитување	Период на емитување на емисијата	Наслов на емисијата
31.10.2026	**00:00:46 – 00:05:13**	**Флеш вести**

почеток - крај

Прилог 1 - 00:00:57 – 00:01:28

Наслов: „Правосудниот испит - Мицкоски: Очекуваме одговор од студентите“;

Тема: вест, направена со илустративна снимка – без (тонска) изјава, од средба на премиерот Христијан Мицкоски со студенти;

Прилог 2 – 00:01:30 – 00:01:54

Наслов: „Посета на Ивановиќ во Скопје - Црна Гора ја поддржува ЕУ-интеграцијата на РС Македонија“;

Тема: вест од заедничка прес–конференција на замениците-претседатели на владите на Македонија и на Црна Гора: Александар Николоски и Филип Ивановиќ, дополнета со информации од средбата на Ивановиќ со Африм Гаши, претседателот на македонското Собрание;

Прилог 3 - 00:02:21 – 00:02:43

Наслов: „Судење за Државна лотарија, сведокот: Купени ВЛТ апарати без одобрение од Управниот одбор“;

Тема: вест од тековниот судски процес против Артан Груби, поранешниот вице-премиер, и Перпарим Бајрами, поранешниот директор на Државна лотарија на РС Македонија; обајцата - членови/претставници на ДУИ;

Прилог 4 - 00:03:10 – 00:03:36

Наслов: „Бајрам Реџепи пријави закани по живот, Ферати негира“;

Тема: вест од прес-конференцијата на Бајрам Реџепи - претседател на огранок на ДУИ, за смртни закани што ги добивал од лицето И.Ф.;

31.10.2026	06:59:51 – 07:20:21	Топ Вести

Прилог 1 - 07:00:02-07:02:03

Наслов: „Правосудниот испит - Мицкоски: Очекуваме одговор од студентите“;

Тема: вест, направена со илустративна снимка и со тонска изјава, од средбата на премиерот Христијан Мицкоски со студентите;

Прилог 2 - 07:03:54 – 07:05:22

Наслов: „Судење за Државна лотарија сведокот: Купени ВЛТ апарати без одобрение од Управниот одбор“;

Тема: вест од тековниот судски процес против Артан Груби, поранешниот вице-премиер, и Перпарим Бајрами, поранешниот директор на Државна Лотарија на РС Македонија; обајцата членови/претставници на ДУИ;

Прилог 3 - 07:08:13 – 07:10:35

Наслов: „Бајрам Реџепи пријави закани по живот, Ферати негира“;

Тема: вест од прес-конференцијата на Бајрам Реџепи - претседател на огранок на ДУИ, за смртни закани што ги добивал од лицето И.Ф.;

Изјава на: Бајрам Реџепи - претседателот на огранокот на ДУИ;

Прилог 4 - 07:10:35 – 07:15:10

Наслов: Модернизација во земјоделството - „Во Скопје претставени 21 Европси проекти“;

Изјава на: Борче Серафимовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство по повод тековни инвестициски проекти;

Прилог 5 - 07:15:11 – 07:17:35

Наслов: „Посета на Ивановиќ во Скопје - Црна Гора ја поддржува ЕУ-интеграцијата на Р.С. Македонија“;

Тема: вест од заедничката прес–конференција на замениците-претседатели на владите на Македонија и на Црна Гора: Александар Николоски и Филип Ивановиќ, дополнета со информации од средбата на Ивановиќ со Африм Гаши, претседателот на македонското Собрание;

Изјава на : Александар Николоски заменик - претседателот на Владата;

Писмено соопштение од Кабинетот на Африм Гаши, претседателот на македонското Собрание;

31.10.2026	12:00:47 – 12:17:23	Вести

Прилог 1 - 12:04:24 – 12:06:22

Наслов: „Судење за Државна лотарија сведокот: Купени ВЛТ апарати без одобрение од Управниот одбор“;

Тема: вест од тековниот судски процес против Артан Груби, поранешниот вице-премиер, и Перпарим Бајрами, поранешниот директор на Државна лотарија на РС Македонија; обајцата членови/претставници на ДУИ;

31.10.2026	18:30:12 – 19:01:05	Централни Вести

Прилог 1 – 18:37:05 – 18:39:51

Наслов: Вонредната настава останува блокирана - „Забраната продолжува да важи за средните медицински училишта“;

Тема: вест дека забраната за вонредна настава во средните медицински училишта останува на сила, а Министерството за образование нема планови да ја укине;

Изјава: Дритон Сулејмани, заменик-министер за образование и наука;

31.10.2026	23:49:50 - 00:09:18 (1 ноември)	Топ вести

Прилог 1 – 23:54:00 – 23:56:16

Наслов: Вонредната настава останува блокирана - „Забраната продолжува да важи за средните медицински училишта“;

Тема: вест дека забраната за вонредна настава во средните медицински училишта останува на сила, а Министерството за образование нема планови да ја укине;

Изјава: Дритон Сулејмани, заменик-министер за образование и наука;

1.11.2026	03:18:26-03:49:14	Централни Вести (реприза од 31 октомври)

Прилог 1 – 03:25:16 – 03:28:01

Наслов: Вонредната настава останува блокирана - „Забраната продолжува да важи за средните медицински училишта“;

Тема: вест дека забраната за вонредна настава во средните медицински училишта останува на сила, а Министерството за образование нема планови да ја укине;

Изјава: Дритон Сулејмани, заменик-министер за образование и наука;

1.11.2026	07:00:11 – 07:19:47	Топ вести
Прилог 1 – 07:04:29 – 07:06:45 Наслов: Вонредната настава останува блокирана - „Забраната продолжува да важи за средните медицински училишта“; Тема: вест дека забраната за вонредна настава во средните медицински училишта останува на сила, а Министерството за образование нема планови да ја укине; Изјава: Дритон Сулејмани, заменик-министер за образование и наука;		

1.11.2026	09:00:30 – 09:20:07	Топ вести
Прилог 1 – 09:04:47 – 09:07:05 Наслов: Вонредната настава останува блокирана - „Забраната продолжува да важи за средните медицински училишта“; Тема: вест дека забраната за вонредна настава во средните медицински училишта останува на сила, а Министерството за образование нема планови да ја укине; Изјава: Дритон Сулејмани, заменик-министер за образование и наука;		

1.11.2026	12:00:20 – 12:18:04	Вести
Прилог 1 – 12:11:25 – 12:14:10 Наслов: Вонредната настава останува блокирана - „Забраната продолжува да важи за средните медицински училишта“; Тема: вест дека забраната за вонредна настава во средните медицински училишта останува на сила, а Министерството за образование нема планови да ја укине; Изјава: Дритон Сулејмани, заменик-министер за образование и наука.		

7. Опис на прекршувањето:

Спротивно на членот 76-б став 3, а во врска со член 69-а став 2 од Изборниот законик, Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2), на 31 октомври и на 1 ноември 2026 година, за време на изборниот молк во вториот круг на гласање за Предвремените избори за градоначалник на Општина Брвеница**, повеќепати, со различни наслови и времетраење, емитуваше прилози во дневноинформативните емисии** што содржеа информации и аудиовизуелни материјали (изјави и/или снимки) со носители на функции во органите на власта, како и со членови/претставници на политички партии.

8. Предлог-мерка:

Согласно член 76-в став 3 од Изборниот законик, Советот на Агенцијата да покрене прекршочна постапка пред надлежен суд против Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2).

Сектор за програмски работи